**АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ ЗА 2017 ГОДИНА

**СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2018 ГОДИНА**

## 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

### --- ОБЕМ НА РАБОТА ---

Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната 2017 година имал обем на работа од вкупно 22.900 предмети, која бројка ја сочинуваат 6.846 предмети пренесени како незавршени од претходниот извештаен период (од кои 7 се погрешно заведени), 15.970 новопримен предмет (од кои 7 се погрешно заведени) и 98 предмети повторно во работа.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 15.111 предмети, и тоа 15.032 од новопримените предмети и 79 од предметите повторно земени во работа т.е. 1.132 предмет повеќе во однос на минатата година, пред се поради непополнетиот број судиски места утврдени за Апелациониот суд Скопје во текот на целата извештајна година.

Во однос на бројот на незавршени предмети на крајот на годината заклучно со 31.12.2017 година останале 7.789 незавршени предмети, што претставува зголемување на заостатокот незавршени предмети за 943 предмети во однос на претходната година.

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6846 | 15970 | 98 | 14 | 22900 | 15111 | 7789 |

## 2. РАБОТА НА СУДОТ ВО РАМКИТЕ НА СУДСКАТА УПРАВА

| Вид на предмети | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-СУ-07 | / | 1683 | / | 1683 | 1681 | 2 |
| СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ | / | 5 | / | 5 | 5 | / |
| СУ-ИЗЗ | / | 318 | 1 | 317 | 314 | 3 |
| УПП | / | 694 | / | 694 | 690 | 4 |
| СПИ | / | 25 | / | 25 | 25 | / |
| ВКУПНО | / | 2725 | 1 | 2724 | 2715 | 9 |

## 3. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА НИВО НА СУД

Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на преоценка на одлуките по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 741 судска одлука на Апелациониот суд Скопје, што претставува 4,91% од вкупниот број 15.111 донесени одлуки во извештајната година, од кои 572 одлуки или 3,79% од вкупно решените предмети се потврдени, 113 одлуки или 0,75% од вкупно решените предмети се укинати и 56 одлуки или 0,37% од вкупно решените предмети се преиначени.

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 15111 | 572 | 3,79 | 113 | 0,75 | 56 | 0,37 |

Во однос на бројот од 741 одлука добиена од Врвниот суд на РМ, 572 одлуки, односно 77,19% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 113 одлуки, односно 15,25% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 56 одлуки, односно 7,56% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 741 | 572 | 77,19 | 113 | 15,25 | 56 | 7,56 |

## 4. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Кривични предмети, кривични предмети од организиран криминал
и кривични предмети - деца

Во Кривичниот оддел во извештајната година вкупно во работа имало 1.333 кривични предмети (КЖ) од кои 195 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 1.129 предмети се новопримени и 9 предмети повторно во работа, при што судот вкупно завршил 1.100 предмети, а на крајот од годината останале нерешени 233 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 1.392 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 59 предмети, како последица на намалениот прилив на нови предмети. Приливот е за 36 предмети помал во однос на претходната година кога се примени 1.176 предмети. Бројот на решените кривични предмети во извештајната година е намален за 97 предмети во однос на претходната година кога се решени 1.197 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 195 предмет, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети е зголемен за 38 предмети, т.е останати се како нерешени 233 предмети.

Во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето

по кривичните предмети од организиран криминал (КОКЖ), при што во извештајниот период во работа имало вкупно 72 предмети, од кои 60 предмети се новопримени и 2 предмети повторно во работа, а 10 предмети се пренесени како нерешени од претходниот период. Од вкупниот број предмети во работа завршени се 63 предмети, а како нерешени останале 9 предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 83 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 11 предмети. Приливот е за 1 предмет помал во однос на претходната година кога се примени 63 предмети. Бројот на решените КОКЖ предмети во извештајната година е намален за 10 предмети во однос на претходната година кога се решени 73 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 10 предмети, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети од организиран криминал е намален за 1 предмет, т.е останати се како нерешени 9 предмети.

Исто така, во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети - деца. Во извештајниот период вкупно во работа имало 38 предмети, сите се новопримени предмети, до крајот на извештајниот период решени се 35 предмети, а како нерешени останале 3 предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

Во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по прекршочни предмети (ПРКЖ). Во текот на извештајната 2017 година во работа имало вкупно 4.278 прекршочни предмети, од кои 1.944 предмети се пренесени од претходниот извештаен период. Новопримени предмети се 2.332 и 2 предмети се повторно во работа, при што судот решил 2.206 предмети, а на крајот на годината 2.072 предмети останале нерешени и оваа бројка е пренесена во наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот имал во работа 4.319 предмети, во извештајната 2017 година обемот на работа е намален за 41 предмет, а бројот на решени предмети е намален за 169 предмети во однос на решените 2.375 предмети во 2016 година. Бројот од 2.072 предмети остаток на крајот на 2017 година претставува зголемување за 128 предмети во однос на бројот на нерешени предмети на крајот од претходниот извештаен период, кога изнесувал 1.944 предмети.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 195 | 1129 | 9 | / | 1333 | 1100 | 233 |
| КОКЖ | 10 | 60 | 2 | / | 72 | 63 | 9 |
| КЖМ | / | 38 | / | / | 38 | 35 | 3 |
| КСЖ | 5 | 660 | / | 1 | 664 | 651 | 13 |
| КР | 1 | 242 | / | / | 243 | 242 | 1 |
| Вкупно: | **211** | **2140** | **11** | **1** | **2350** | **2091** | **259** |
| ПРКЖ | 1944 | 2332 | 2 | / | 4278 | 2206 | 2072 |
| Вкупно: | **2155** | **4461** | **13** | **1** | **6628** | **4297** | **2331** |

Во текот на 2017 година во Кривичниот оддел на судот од распоредените 10 судии, Претседателот на судот и 7 судии постапуваа по кривични предмети, а 3 судии постапуваа по прекршочни предмети.

## 5. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Кривичниот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 138 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 3,21% од вкупниот број 4.297 донесени одлуки во извештајната година, од кои 113 одлуки или 2,63% од вкупно решените предмети се потврдени, 20 одлуки или 0,47% од вкупно решените предмети се укинати и 5 одлуки или 0,12 % од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | Укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| КЖ | 1100 | 69 | 6,27 | 16 | 1,45 | 2 | 0,18 |
| КОКЖ | 63 | 42 | 66,67 | / | / | 1 | 1,59 |
| КЖМ | 35 | / | / | / | / | / | / |
| КСЖ | 651 | 1 | 0,15 | 1 | 0,15 | 1 | 0,15 |
| КР | 242 | / | / | / | / | / | / |
| ПРКЖ | 2206 | 1 | 0,05 | 3 | 0,14 | 1 | 0,05 |
| Вкупно: | 4297 | 113 | 2,63 | 20 | 0,47 | 5 | 0,12 |

Во однос на бројот од 138 одлуки добиени од Врвниот суд на РМ, 113 одлуки, односно 81,89% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 20 одлуки, односно 14,49% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 5 одлуки, односно 3,62% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | | Укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| КЖ | 87 | 69 | 79,31 | 16 | 18,39 | 2 | 2,30 |
| КОКЖ | 43 | 42 | 97,67 | / | / | 1 | 2,33 |
| КЖМ | / | / | / | / | / | / | / |
| КСЖ | 3 | 1 | 33,33 | 1 | 33,33 | 1 | 33,33 |
| КР | / | / | / | / | / | / | / |
| ПРКЖ | 5 | 1 | 20 | 3 | 60 | 1 | 20 |
| Вкупно: | 138 | 113 | 81,89 | 20 | 14,49 | 5 | 3,62 |

Во Кривичниот оддел од вкупно завршени 1.100 предмети полнолетни лица, постапката до еден месец траела во 334 предмети, до два месеци постапката траела во 271 предмети, до три месеци во 186 предмети, постапката во 214 предмети траела од три до шест месеци и кај 95 предмети постапката траела над шест месеци.

Од вкупниот број 63 кривични предмети од организиран криминал, кои се завршени во текот на годината, постапката во 17 предмет траела до еден месец, до два месеци постапката траела во 16 предмети, до три месеци во 10 предмети, постапката во 17 предмети траела до шест месеци и кај 3 предмети постапката траела над шест месеци.

Од вкупниот број 35 кривичен предмет-деца, кои се завршени во текот на годината, постапката во 20 предмети траела до еден месец, во 14 предмети постапката траела до два месеци и во 1 предмети постапката траела до три месеци.

Од вкупниот број 2206 прекршочни предмети, кои се завршени во текот на годината, постапката во 101 предмети траела до еден месец, до два месеци постапката траела во 158 предмети, до три месеци во 121 предмети, постапката во 259 предмет траела до шест месеци и кај 1.567 предмети постапката траела над шест месеци.

## 6. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Граѓански предмети

Во текот на 2017 година во Судот за работа имало вкупно 9.179 граѓански предмети, од кои 2.467 предмети (од кои 3 се погрешно заведени) се пренесени како нерешени од претходната година и 6.690 предмети (од кои 4 се погрешно заведени) се новопримени и 29 предмети повторно во работа, при што Судот вкупно решил 6.615 предмети, а на крајот од годината нерешени останале 2.564 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 8.355 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 824 предмети. Приливот во извештајната година е зголемен за 1.743 предмети во однос на претходната година, кога се примени 4.972 предмети. Покрај зголемениот број на решени предмети во извештајната година кој изнесува 727 предмети повеќе во однос на претходната година кога биле решени 5.888 предмети, бројот на предмети останати во работа на крајот од извештајниот период е зголемен за 97 предмети во однос на 2.467 предмети кои биле останати во работа на крајот од 2016 година.

Работни спорови

Одделот за работни спорови во текот на 2017 година во работа имал вкупно 2.656 предмети, од кои 773 предмети (од кои 2 се погрешно заведени) биле пренесени од претходниот извештаен период, а 1.868 предмети (од кои 1 е погрешно заведен) се новопримени и 18 предмети повторно во работа, при што решени се вкупно 1.506 предмети, а на крајот на годината останале 1.150 нерешени предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 1.921 предмет, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 735 предмети.

Приливот во извештајната година е зголемен за 941 предмет во однос на претходната година, кога се примени 944 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е зголемен за 358 предмети во однос на претходната година кога биле решени 1.148 предмети. Бројот на предмети останати во работа на крајот од извештајниот период е зголемен за 377 предмети во однос на 773 предмети кои биле останати во работа на крајот од 2016 година.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримен и предмети | Предмети повторно во работа | Погрешн о заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 2467 | 6690 | 29 | 7 | 9179 | 6615 | 2564 |
| РОЖ | 773 | 1868 | 18 | 3 | 2656 | 1506 | 1150 |
| Р | / | 18 | / | / | 18 | 18 | / |
| Вкупно: | 3240 | 8576 | 47 | 10 | 11853 | 8139 | 3714 |

Во текот на 2017 година во Граѓанскиот оддел на судот од распоредените 24 судии, по предмети од ГЖ уписник (граѓански предмети) постапувале 19 судии до месец ноември 2017 година, бидејќи еден судија е разрешен поради наполнети 64 години старост на 16.01.2017 година, откога до 31.12.2017 година постапувале 18 судии со оглед дека на почетокот на месец ноември 2017 година уште еден судија е разрешен поради наполнети 64 години старост. Останатите 4 судии во текот на целата 2017 година постапувале по предмети од РОЖ уписник (работни спорови).

## 7. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 412 судска одлука на Апелациониот суд Скопје, што претставува 5,06% од вкупниот број 8.139 донесени одлуки во извештајната година, од кои 312 одлуки или 3,83% од вкупно решените предмети се потврдени, 60 одлуки или 0,74% од вкупно решените предмети се укинати и 40 одлуки или 0,49% од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ГЖ | 6615 | 190 | 2,87 | 39 | 0,59 | 34 | 0,51 |
| РОЖ | 1506 | 122 | 8,10 | 21 | 1,39 | 6 | 0,40 |
| Р | 18 | | | | | | |
| Вкупно: | 8139 | 312 | 3,83 | 60 | 0,74 | 40 | 0,49 |

Во однос на бројот од 412 одлуки добиени од Врвниот суд на РМ, 312 одлуки, односно 75,73% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 60 одлуки, односно 14,56% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 40 одлуки, односно 9,71% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ГЖ | 263 | 190 | 72,24 | 39 | 14,83 | 34 | 12,93 |
| РОЖ | 149 | 122 | 81,88 | 21 | 14,09 | 6 | 4,03 |
| Р | / | | | | | | |
| Вкупно: | 412 | 312 | 75,73 | 60 | 14,56 | 40 | 9,71 |

Во Граѓанскиот оддел од вкупно решени 6.615 „ГЖ" предмети, постапката до еден месец траела во 1.511 предмети, до два месеци во 1.009 предмети, до три месеци во 655 предмети, до шест месеци во 1.277 предмети и над шест месеци во 2.163 предмети.

Од вкупно завршените 1.506 предмети „РОЖ" од областа на работните спорови, постапката до еден месец траела во 67 предмети, до два месеци во 59 предмети, до три месеци во 16 предмети, до шест месеци во 433 предмети и над шест месеци кај 931 предмети.

## 8. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА ТРГОВСКИ СПОРОВИ

### Трговски спорови

Трговскиот оддел во текот на извештајната 2017 година во работа имал вкупно 4.419 предмети од кои 1.451 предмет (од кои 1 е погрешно заведен) биле пренесени како нерешени од претходната година, а 2.933 предмети (од кои 2 се погрешно заведени) се новопримени и 38 предмети повторно во работа, при што Судот решил вкупно 2.675 предмети, а на крајот на годината останале 1.744 нерешени предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал 3.976 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 443 предмети. Приливот во извештајната година е зголемен за 423 предмети во однос на претходната година кога биле примени вкупно 2.546 предмети. Бројот на решени предмети по трговски спорови во извештајната година е зголемен за 150 предмети во однос на претходната година кога биле решени 2.525 предмети. На крајот од извештајната 2017 година останале 1.744 незавршен предмет, што е за 293 предмети повеќе од минатата извештајна година.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТСЖ | 1451 | 2933 | 38 | 3 | 4419 | 2675 | 1744 |

Во текот на 2017 година во Трговскиот оддел на судот во текот на целата 2017 година постапувале 6 судии.

## 9. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА ТРГОВСКИ СПОРОВИ

Трговскиот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 191 судска одлука на Апелациониот суд Скопје, што претставува 7,14% од вкупниот број 2,675 донесени одлуки во извештајната година, од кои 147 одлуки или 5,50% од вкупно решените предмети се потврдени, 33 одлуки или 1,23% од вкупно решените предмети се укинати и 11 одлуки или 0,41% од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ТСЖ | 2675 | 147 | 5,50 | 33 | 1,23 | 11 | 0,41 |

Во однос на бројот од 191 одлука добиена од Врвниот суд на РМ, 147 одлуки, односно 76,96% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 33 одлуки, односно 17,28% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 11 одлуки, односно 5,76% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ТСЖ | 191 | 147 | 76,96 | 33 | 17,28 | 11 | 5,76 |

Од вкупно завршените 2.675 предмети „ТСЖ“ по трговски спорови, постапката до еден месец траела во 574 предмети, до два месеци во 169 предмети, до три месеци во 144 предмети, до шест месеци во 535 предмети и над шест месеци во 1.253 предмети.

## 10. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

| Вид предмет | Нерешени - стари предмети | Новопримени -стари предмети | Вкупно во работа - стари предмети | Решени - стари предмети | Остаток - стари предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 14 | 117 | 131 | 100 | 31 |
| КОКЖ | 1 | 8 | 9 | 4 | 5 |
| КЖМ | / | / | / | / | / |
| КСЖ | / | 1 | 1 | 1 | / |
| ПРКЖ | 842 | 2125 | 2967 | 1567 | 1400 |
| ГЖ | 1187 | 1896 | 3083 | 2181 | 902 |
| РОЖ | 279 | 950 | 1229 | 947 | 282 |
| ТСЖ | 601 | 1428 | 2029 | 1274 | 755 |
| Вкупно: | 2924 | 6525 | 9449 | 6074 | 3375 |

Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната 2017 година во работа имал вкупно 9.449 стари предмети, од кои 2.924 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а за 6.525 предмети во текот на извештајниот период поминал периодот од 6 месеци од прием на предметот во Судот. Во Судот биле решени вкупно 6.074 стари предмети, а на крајот на годината останале 3.375 нерешени стари предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Со оглед на погоре изнесената состојба, по однос на работата на судот како на општо ниво, така и по оддели, односно уписници она што е очигледно е дека судот успеал да го совлада приливот на нови предмети. Наведеното со засилениот ангажман на судиите кои судиската функција ја извршуваат во Апелациониот суд Скопје, преку надминување на ориентационата норма, односно завршување далеку поголем број предмети од утврдениот со ориентационата норма што е константна појава во Судот.

## 11. ИЗВЕШТАЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### *- НОСИТЕЛИ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА*

Согласно со актот за систематизација и одлука бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година на Судскиот совет на Република Македонија, судиската функција во Апелациониот суд Скопје во текот на 2017 година утврдено е да ја вршат претседател и 51 судија, меѓутоа, во текот на извештајната година, Судот функционираше во нецелосен состав, со тоа што судиската функција ја извршуваше квантитативно променлив состав на судии, со карактеристичен константен одлив без паралелно пополнување на испразнетите судиски места.

Календарската 2017 година судот ја започнал со 41 судија вклучувајќи го и претседателот на судот, при што на тројца судии им мирува работниот однос во Апелациониот суд Скопје од кои на двајца поради извршување на функцијата член на

Судски совет на Република Македонија, а еден судија поради избор за Претседател на Управниот суд.

Во месец јануари еден судија престанува со вршење на судиската функција поради навршени 64 години старост и судот функционира со 40 судии се до 4.07.2017 година.

Во месец јули, поточно од 05.07.2017 година судот постапува со 41 судија по завршување на мандатот на еден судија како претседател на Управниот суд.

Од 17.08.2017 година судот повторно постапува со 40 судии по престанок со вршење на судиската функција на еден судија поради навршени 64 години старост, а на 27.11.2017 година еден судија од Апелациониот суд Скопје е избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

На 28.11.2017 година избрани се тројца нови носители на судиска функција, така што од месец ноември судот постапува со 41 судија, со која бројка го завршува и извештајниот период.

Во вкупниот број на судии е вклучен и претседателот на судот.

Судиската должност фактички ја извршувале 39 судии, во кои е вклучен и претседателот на судот, односно 13 судии помалку од предвидените, при што е почитуван принципот на правична и соодветна застапеност на националностите, на начин што 24 судии се од македонска националност, 11 од албанска националност, 2 судии од турска националност, 3 судии е од влашка националност и 1 судија од друга националност.

### *СТРУЧНИ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ*

Стручните судски службеници во текот на извештајната година имаат особен придонес во функционирањето на судот преку стручно и совесно извршување на работните задачи, примарно во врска со изработката на судските одлуки, како и помош на носителите на судиската функција во решавањето на судските предмети.

Интересот за оптимално функционирање на судот налага потреба од пополнување на бројот на стручните судски службеници согласно обемот на работата во судот, а со цел да се овозможи непречено функционирање на судот како организациска единка, но и судството во целина.

По однос на раководните судски службеници, пополнето е само едно место, така што потребно е пополнување и на преостанатите 7 работни места - раководни судски службеници, а имајќи ја предвид обемноста на утврдените работни задачи за овој кадар. Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелационен суд Скопје овие лица меѓу другото како најбитен сегмент за ефикасно и непречено функционирање на судот, се грижат за организација и координација на работата на секој од одделите кои функционираат во рамките на судот, така што пополнувањето на овие работни места е од особено значење за ажурно и квалитетно правораздавање.

Согласно систематизацијата на работните места на Апелациониот суд Скопје предвидени се вкупно 61 место за стручни судски службеници (виш судски советник, судски советник, виш судски соработник, судски соработник и помлад судски

соработник), меѓутоа во моментот се пополнети 32 места, а непополнети се 29 работни места, од кои работното место Виш судски советник, воопшто и не е пополнето, на местото судски советник пополнети се 4, а непополнети 8 работни места, од предвидените 15 на местото виш судски соработник пополнети се 12 работни места, со тоа што на местото судски соработник од предвидените 17 работни места, 7 работни места не се пополнети, додека од предвидените 7 работни места помлад судски соработник едно работно место не е пополнето.

## *АДМИНИСТРАТИВЕН ПЕРСОНАЛ ВО СУДОТ*

Заклучно со 31.12.2017 година, во администрацијата, се вработени 45 лица.

Во текот на извештајната година непополнетоста на бројчаниот состав на административниот персонал предизвика значителни тешкотии во функционирањето на судот, поради што неминовно се наметнува потребата од пополнување на испразнетите работни места, особено во однос на референти (судски референти – дактилографи), каде од предвидените 37 работни места, пополнети се 19 работни места.

Во Управата на судската зграда со состојба на 31.12.2017 година се евидентирани 13 вработени лица.

Судот извештајната година ја започнал со вкупно 113 вработени, а истата ја завршил со 105 вработени. Согласно систематизацијата на Судот предвидени се 192 вработени, а непополнети со 31.12.2017 година се вкупно 87 работни места (вклучувајќи ги раководни судски службеници, стручните судски службеници, администрацијата и управата на судската зграда).

Одливот е по основ на исполнување услови за старосна пензија.

## 12. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

За функционирањето на Судот во извештајната 2017 година, карактеристично е интензивно користење на информатичката технологија во сите сегменти на работата.

Целокупното управување со движењето на судските предмети, како и донесувањето на судските одлуки се одвива со користење на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС). Во системот се води електронска евиденција на потребните податоци во врска со предметите и се изготвуваат акти во истите. Посебно внимание се посветува на автоматската распределба, како и на повторната автоматска распределба на судските предмети по судии. Континуирано се следи и квалитетот на внесените податоци, во смисла дали истите се пополнуваат целосно и точно. Исто така, постојано се врши подобрување и оптимизирање на работата во АКМИС за секоја корисничка група на системот, поодделно.

Сите месечни, квартални и годишни извештаи и прегледи, врз основа на кои се следи работата на Судот, судиите и другите корисници на системот, се генерираат електронски од АКМИС и редовно се доставуваат до надлежните институции. Пристапот до потребните информации е значително подобрен, а комуникацијата помеѓу вработените од Судот и вработените во институциите со кои Судот соработува е поедноставена.

Во судот се користи и СРС ФЕМИДА системот за тонско снимање рочишта согласно Законот за парнична постапка. Опрема и софтвер за тонско снимање на рочишта се инсталирани и се користат само во една судница во Судот, за која е направен распоред што овозможува сите судиски совети од Граѓанскиот оддел и Трговскиот оддел да постапуваат согласно со Законот за парнична постапка. Во текот на 2017 година извршено е тонско снимање на 67 рочишта, согласно Упатството за тонско снимање на рочишта изготвено од страна на Работното тело за стандардизација на постапките во судовите при Врховниот суд на Република Македонија.

Во изминатиот период не се забележани недостатоци на СРС ФЕМИДА системот, како од аспект на исправност на опремата, така и од аспект на функционалноста на софтверот. Но, земајќи го во предвид значењето на овој систем за успешно одржување на рочиштата согласно ЗПП, сметаме дека е неопходно да се обезбеди тековно одржување и надградба на истиот.

Редовно се користи и „Системот за електронска достава на судски документи". Вработените во судските писарници вршат електронска достава на разни писмена (одлуки, покани, писма и др.) и притоа не се забележани недостатоци. Во текот на 2017 година извршена е електронска достава на 330 писмена во вкупно 256 предмети.

Во Судот, во текот на извештајниот период, е отпочнато со скенирање на влезни документи (поднесоци во врска со судските предмети доставени директно во Апелационен суд Скопје). Во текот на 2017 година се скенирани вкупно 1.277 поднесоци. Скенираните влезни документи се приклучуваат кон соодветното електронското досие на предметот во АКМИС.

Во текот на 2017 година, вработените во Апелациониот суд Скопје редовно се информирани со објавување на бројни податоци во врска со сите новини во организацијата и работата на Судот, активности на судските оддели, судиите и другите вработени, соработка со други судови и институции, следење на правна легислатива и судска практика, сервисни информации и друго, на интерната web страна, која се хостира локално. На овој начин се постигнува навремено, ефикасно информирање на вработените во Судот, како и заштеда на финансиски средства.

Во текот на 2017 година е продолжено со користење на web порталот на судот. По иницијалното пополнување на сите предвидени содржини на порталот, истите редовно се дополнуваат и ажурираат. Исто така, се следи и автоматското генерирање на податоците од календарот на насрочени предмети, како и објавувањето на судските одлуки.

Со воведување на модулот за анонимизација во АКМИС, процесот на подготовка на анонимизиран текст на судските одлуки и нивното публикување е значително олеснет и обезбедено е генерирање на потребните евиденциони и статистички податоци во врска со овој процес.

Сепак сеуште постојат одредени проблеми при почитувањето на одредбите од член 10 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите, а во врска со објавување на судските одлуки на web страната на судот. Дел од нив се големиот број на одлуки кои треба да бидат обработени и објавени, а недоволниот број на вработени од една страна, како и кратките законски рокови, од друга страна. Постојат и помали технички проблеми од типот на несоодветна автоматска анонимизација на текстот на одлуката или неможност одредена одлука да се анонимизира.

Во информатичкото работење на Апелациониот суд Скопје применети се сите барања од правилниците и процедурите донесени согласно Законот за заштита на личните податоци. Со тоа во Судот е подигнато нивото на заштита на податоците кои се предмет на обработка, зголемена е контролата на пристап до ИКТ системите. Редовно се ажурираат и корисничките привилегии кои ги имаат вработените за пристап до АКМИС.

За антивирусна заштита на работните станици, во Судот се користи Kaspersky Endpoint Security 10 for Windows софтвер.

Одредени проблеми во работењето предизвикува застарената пасивна мрежна опрема, инсталирана во 2000 година и чиј пропусен капацитет не ги задоволува потребите на секојдневното работење, па потребна е замена на истата со нова. Исто така, потребна е надградба на активната мрежна опрема, како и единствениот сервер кој се користи во Судот повеќе од седум години. Околу 100 компјутери, или 60% од работните станици во Судот работат со оперативен систем Windows XP за кој нема поддршка од страна на Microsoft и неопходна е нивна замена.

Исто така, неопходнно е да се набават нови мрежни принтери кои користат тонери со голем капацитет, со што би се намалиле трошоците за печатење кои, во овој момент се големи, пред се затоа што во Судот се користат голем број на локални печатари, чие што одржување е скапо и неоправдано, а потрошниот материјал тешко се набавува и исто така, чини многу.

Од големо значење за Судот би било електронското поврзување со основните судови од апелационото подрачје Скопје, со што би се овозможила електронска размена на податоци и комплетирање на електронските досиеа на предметите. Со тоа би се намалил обемот на податоци кои треба да се внесуваат во АКМИС и би се поедноставила работата по судските предмети.

Апелациониот суд Скопје, како второстепен суд, во текот на 2017 година продолжи со редовно следење на работата на основните судови од апелационо подрачје Скопје во делот на користење на АКМИС, системот за „Електронска достава на судски документи", процесот на тонско снимање на рочиштата од граѓанска област, процесот на анонимизацијата и објавување на судските одлуки. На неделна основа се прибавуваат извештаи од секој од деветте основни суда со основна и проширена надлежност, истите се обработуваат по што збирни информации се проследуваат до повисоките судски инстанци, согласно нивните потреби.

Во месец април и мај 2017 година, извршен е преглед на работењето по сите видови на предмети и уписници во Основен суд Скопје I Скопје и Основен суд Скопје II Скопје, а со цел да се констатира состојбата со примената на Законот за управување со движење на предметите во судовите и Судскиот деловник.

Во месец октомври и декември 2017 година, извршен е преглед на работењето по сите видови на предмети и уписници во Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Скопје II Скопје, Основен суд Велес и Основен суд Кратово, а со цел да се констатира состојбата со примената на Законот за управување со движење на предметите во судовите и Судскиот деловник.

За реализираните прегледи се изготвени извештаи кои се доставени до основниот суд каде е извршена посетата, Врховен суд на РМ, Судски совет на РМ и Министерство за правда.

Во текот на 2017 година, Апелациониот суд Скопје во своето работење го имплементираше системот за управување со квалитет МКС EN ISO 9001:2015, со кој се опфатени и процесите за подршка од ИТ областа со што се очекува натамошно унапредување на користењето на инсталираните ИТ системи и подобрување на квалитетот на обработените податоци во судот.

Кон крајот на 2017 година откако се усвоени и надминати сите забелешки и недоследности од извештаите од сертфикациската проверка, направена е прва ресертификациска проверка според која е потребно да се преземат нови активости во смисла на подобрување на системот за управување со квалитет.

Оптималното користење на потенцијалот кој го нуди информатичката технологија инсталирана во судот налага потреба од континуирана едукација на целокупниот персонален состав на судот за начинот на нејзината употреба.

Во Судот се вработени двајца советници инженери-информатичари, но за да се обезбеди поквалитетна техничка поддршка во користењето на информатичката технологија, потребно е да се зголеми бројот на извршители – технички лица соодветно стручно оспособени за сите области од информатиката кои се веќе применети во Судот.

## 13. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Апелациониот суд Скопје својата дејност ја извршува во сопствена зграда, меѓутоа во извештајната 2017 година, како и подолг период station наназад, не задоволуваат просторните услови за непречено функционирање на судот, а со оглед да во истата зграда функционираат и други институции кои исто така ги извршуваат работите од својата надлежност во истиот објект и заземаат поголем дел од просторот. Моментално судот, како е погоре изнесено, својата функција ја извршува со непотполн состав, како по однос на носителите на судиска функција, така и во поглед на стручните судски службеници и административно технички судски службеници, така што со целосно пополнување на бројот согласно систематизацијата, судот ќе се соочи со просторен проблем – недоволен број канцеларии за сите вработени во судот, а со тоа и неопходни услови за непречено работење.

Претседател на Судот
Љиљана Ивановска Шопова